## НАСЛОВ НА ПРОЕКТОТ: *Дебатна анкета: Национална дебата за ЕУ*

**ЦЕЛ:** Зголемување на вклученоста на експертската и општата јавност за придобивките и загубите за Република Македонија од пристапувањето во ЕУ, преку иновативна јавна дебатна анкета. На овој начин ќе се придонесе кон јакнење на културата на информирана јавна дебата во Република Македонија.

**РЕЛЕВАНТНОСТ:** Проектот го адресира недостатокот на дебата и вклученост на јавноста во јавните политики во Република Македонија. Отсуството на аргументирана дебата е особено изразено во однос на пристапувањето во ЕУ – состојба која е дополнително влошена поради уназадувањето во овој процес, како комбинација на спорот со името и домашните проблеми. Општата јавност како целна група на предложената акција е во голема мера исклучена од дебатата и ѝ недостасуваат објективни и лесно разбирливи податоци за ЕУ. Предложениот проект ќе даде модел на консултирање и информирање на јавноста кој ќе придонесе за надминување на состојбите во однос на хроничен недостаток на консултации и дебата, како и специфичниот случај на немање суштествена дебата за прашања поврзани со ЕУ.

**ОПИС НА ПРОЕКТОТ:** Проектот е замислен како форум за размена на идеи, притоа оспособувајќи ги конституентите кои се директно вклучени во него за нивно осмислено учество во процесот на јавна дебата. На ниво на резултати, акцијата обезбедува да се добијат сознанија за ставовите на експертската и општата јавност и нивната промена преку дебатна анкета[1] за придобивките и загубите од пристапувањето во ЕУ; зголемена вклученост на експертската и пошироката јавност во јавната дебата за ЕУ, како и зголемено познавање на јавноста за придобивките и загубите од пристапувањето во ЕУ за Република Македонија[2].

Резултатите од дебатната анкета ќе бидат јавно достапни и презентирани на разбирлив начин преку традиционални, електронски и социјални медиуми. Оваа иновативна метода е поддржана од Центарот за делиберативна демократија на Универзитетот Стенфорд.

Преку употребата на иновативниот метод на дебатна анкета, предложената акција ќе воспостави нова практика на консултација и дискусија во работата на ЕПИ како организација, а воедно и ќе даде повратни информации за унапредување на вклученоста на општата јавност во дебатата за ЕУ. Наодите од употребата на овој метод ќе бидат вградени во понатамошните активности на ЕПИ со фокус на вклучување на општата јавност и оспособување на конституентите.

[1] Метод на дебатна анкета (deliberative polling), употребувајќи ја методата ја Џејмс Фишкин од универзитетот Станфорд, Види http://cdd.stanford.edu/what-is-deliberative-polling/. Овој метод досега е меѓународно признаен како ефективен начин на јавна консултација и води кој оспособување на граѓаните за понатамошно учество во иницијативи.

[2] Види http://participedia.net/en/methods/deliberative-polling


European Policy Institute
Antonie Grubisic 2/2,
P.O. Box. 11, 1001 Skopje,
Republic of Macedonia

Институт за европска политика
Антоние Грубишиќ 2/2,
П.Фах 11, 1001 Скопје,
Република Македонија

Тел / Phone: +3892 3 280 100
Факс / Fax: 3892 3 280 110
eudebate@epi.org.mk
www.epi.org.mk